# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 21 Јануари 2014 година Скопје Бр.1 Год.IX |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2014..........2
2. Буџетски Календар за 2014 година..........6
3. Измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2014 година..........9
4. Измена и дополна на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година..........11
5. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година..........13
6. Одлука за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година..........15
7. Одлука за доделување на финансиски средства на ФК Македонија..........17
8. Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 03 Општина Ѓорче Петров – Скопје..........19
9. Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 Општина Ѓорче Петров – Скопје..........24
10. Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 15 Општина Ѓорче Петров – Скопје..........29
11. Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план за село Кучково со разработка на карактеристичен блок Општина Ѓорче Петров – Скопје..........33
12. Одлука за доделување на награда за најубаво украсени куќа и двор по повод Новата 2014 година..........41
13. Исправка на архивски број во Решенија за објавување на акти од седница на Советот на Општина Ѓорче Петров..........42



Јануари 2014, Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Одлуката за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петанесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/1**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. број 05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр. 61/04, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на ден 21.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров за 2014

### Член 1

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на триторијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 2

Согласно Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, во Програм Н1 и Подпрограм Н10 - Основно образование, се врши финансирање на сите 6 (шест) основни училишта на територијата на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Средствата утврдени во член 2 од оваа Одлука наменски се распоредуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови.

### Член 4

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основни училиште се:

- вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2014 година од Министерството за образование и наука,
- бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- големина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени се како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД= (м2х0,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2х0,3)+(вк.бр.уч.х4) , каде

**НД** – Наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2014 година ( 123.272.000,00-105.448.000,00=17.824.000,00 денари), од кои:

- 123.272.000 е вредноста на вкупната блок дотација за 2014 г. за основно Образование,
- 105.448.000 е вкупниот износ за бруто плати за сите О.У. и
- 17.824.000 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци;

**К м2** – коефициент за површина =0,3 и
**К уч.** - коефициент за број на ученици = 4

## Табела по формула

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА (БЕЗ БРУТО ПЛАТИ)

Наменскиот дел за 2014 година изнесува 17.824.000 ден.
Коефициент за површина = 0,3
Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр. | Име на Училиште | Вк. Површина | Вк. Ученици | Вк. Коефициент | ПРОЦЕНТ | ВКУПНО МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ѓорче Петров | 3.745 | 298 | 2.316 | 11,2% | 2.005.078 |
| 2. | Мирче Ацев | 4.253 | 840 | 4.636 | 23,5% | 4.193.016 |
| 3. | ДПЃ Беровски | 4.188 | 463 | 3.108 | 15,4% | 2.752.714 |
| 4. | Страшо Пинџур | 3.200 | 673 | 3.652 | 18,3% | 3.265.282 |
| 5. | Т.Милошевски | 1.541 | 525 | 2.562 | 12,6% | 2.237.789 |
| 6. | Јоаким Крчовски | 1.430 | 550 | 2.629 | 18,9% | 3.370.121 |
| | **Вкупно:** | **18.357** | **3.349** | **18.903** | | **17.824.000** |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 1 апоен, на петте основни училишта, за сметка на О.У.Јоаким Крчовски, на кое му се додаваат 5%, бидејќи само тоа училиште има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.000.000,00 денари.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2014 година, пресметани во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-96/3**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар за 2014 година**

Се објавува Буџетскиот календар за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/2**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 159/2009, 47/2011) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 18/13), Советот на општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 21.01.2014 година, донесе:

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## за 2014 година

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | **Јануари** |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2015 г. до сите Сектори во општинската администрација и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | **До 30 Јуни** |
| 3. | Сите Сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | **Најдоцна до 20-ти Септември** |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | **Најдоцна до 30-ти Септември** |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | **до 15-ти Октомври** |
| 6. | Градоначалникот организира собирти со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | **од 10-ти до 30-ти Октомври** |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | **до 10-ти Ноември** |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | **До 30-ти Ноември** |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | **Најдоцна до 10-ти Декември** |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | **Најдоцна до 31 Декември** |

Буџетскиот календар за 2014 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-96/4**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Измената и дополнатa на Програмата за урбанистичко планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2014 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/3**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 55/13 и 163/13), член 84 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/13 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата Сединца одржана на 21.01.2014 година донесе:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ “Ф“ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2014 ГОДИНА

**Член 1**

Во табелата на расходи во група 42-стоки и услуги бројот 17.177.000,00 се заменува со бројот 23.377.000,00.

Во подгрупата 4256-услови за животна средина и просторно планирање бројот 16.677.000,00,00 се заменува со бројот 22.877.000,00. Во подставката 425640-изработка на детални и други урбанистички планови бројот 16.677.000,00 се заменува со бројот 22.877.000,00,при што се додаваат ставките за изработка на следните урбанистички планови:

- УПС за с. Ново Село во висина од 1.881.000,00
- УПС за с. Никиштане во висина од 567.000,00 и
- УПВНМ Веле Поле во висина од 3.752.000,00

____________________________________________

Вкупно: 6.200.000,00 ден.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 2**

Овие измени и дополни стануваат составен дел на Програмата за урбанистичко планирање “Ф “на Општина Ѓорче Петров за 2014 година.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработат пречистен текст на Програмата.

**Член 4**

Измената и дополната на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-96/5**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕДСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Измена и дополна на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Измената и дополната на Програмата за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/4**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/2012, 163/13), член 15 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата Седница одржана на 21.01.2014 година, донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА**
**за комунални дејности на Општина**
**Ѓорче Петров за 2014 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр 16 од 05.11.2013 год ) во глава X која се однесува на програм ЈИ-изградба на системи за за одводнување на одпадни води, во табелата на расходи, во подставка 482 други градежни објекти, бројот 64.301.000,00 се заменува со бројот 57.101.000,00.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 2**

Овие измени и дополни стануваат составен дел на Програмата “Ј “ за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2014 година.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработат пречистен текст

**Член 4**

Измената и дополната на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-96/6**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕДСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/5**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008) , Советот на Општина Горче Петров на 15-тата седница одржана на 21.01.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## За2014 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ За2014 година на следниот начин :

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **EA0** | **КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 485230 | Компјутерстки софтвер | 650.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | 6.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JIA** | **ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РЕОНОТ НА с.ВОЛКОВО** | | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 425930 | Научно истражување (вклучувајќи статистичко истр | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2014 година.

БР. 07-96/7
од 21.01.2014 год,
Скопје

Претседател на Советот на Општина
ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
Александар Стојкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополна на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/6**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11), член 1 од Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за државни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.14/12) и член 16 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 21.01.2014 година ,донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополна на одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2014 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2014 година бр. 07-3991/4 од 18.12.2013 г. (Сл.гласника на општина Ѓорче Петров бр.19/13), во член 9 став 1 алинеа 2 бројот "73,85" се заменува со бројот" 73,8".

По став 2 се додава став 3 кој гласи: Вредноста на бодот на државните службеници за период од 01.10. до 31.12.2014 година ќе изнесува 77,5 денари, а за други вработени ќе изнесува 12,5 денари.

Став 3 станува став 4.

**Член 2**

Во член 20 став 1 текстот "од Агенција за државни службеници" се заменува со текстот "по актот за систематизација од Министерството за информатичко општество и администрација".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" , а ќе се применува од 01 Јануари 2014 година.

**Број 07- 96/8**
**од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија“**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства на ФК „Македонија“, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/7**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22-а став 1 алинеа 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен Весник на Р.М. бр. 66/2004 и 18/2011), 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2014 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.19/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата Седница одржана на ден 21.01.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства на ФК Македонија**

**Член 1**

На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година - Л0 Спорт и рекреација- позиција 463120 - Трансфер до спортски клубови, на ФК „Македонија - Ѓорче Петров 1932", се доделува износ од 500.000,00 денари, како финасиска подршка за покривање на трошоци за натпреварување во Прва македонска фудбалска лига.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на име ФК „Македонија Ѓорче Петров 1932", на жиро сметка број 280104101730227, Алфа Банка а.д.-Скопје.

**Член 3**

ОваОдлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-96/9**
**од 21.01.2014 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 03 Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 03 Општина Ѓорче Петров – Скопје , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/8**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 55/13 и 163/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 21.01.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план**
**за градска четврт СЗ 03**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за плански период 2013-2018година.**

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022година донесен со Одлука на Советот на Град Скопје" бр. 07- 5068/1 од 03.12.2012год,(Службен Гласник на Град Скопје бр. 18/12 од 06.12.2012год), Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови Службен весник на Р.М. број 78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петро-Скопје, со вкупна површина од 15,89ха**. и го ангажира северниот дел од територијата на Општина Ѓорче Петров.

**Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:**

- Запад и југозапад: -осовината на собирната улица Лука Геров;
- Североисток: - осовината на собирната улица Шарпланинска
- Југоисток: - осовината на собирна улица Тиранска (по ГУП);

**Член 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од Иванов инженеринг дооел – Битола, со технички број У03-07/13-2.

**Деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 03 , Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следната**

**СОДРЖИНА:**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**
**ГРАФИЧКИ ДЕЛ И**
**ПРИЛОЗИ**

## ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Географско геодетско одредување на подрачјето на опфатот, граници и површина;
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето и неговата околина;
3. Податоци за природни чинители;
4. Податоци за создадените вредности и чинители;
5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура;
6. Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини;
7. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура;
8. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби;
9. Анализа на степенот на реализација на важечки ДУП;
10. Анализа на можностите за просторен развој;
11. Други прилози;

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на план, назив на подрачјето и плански развој;
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;
3. Просторен концепт;
4. Планска програма;
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба;
6. Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија;
7. Мерки за заштита и спасување;
8. Нумерички дел;
9. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат;
10. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат за секој помал опфат;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје ----------------- 1:5000;
2. Ажурирана геодетска подлога ---------- 1:1000;
3. Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби ----------- 1:1000;
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура; ---- ----------1:1000;
5. Сателитска снимка ---------- 1:2500;

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1. Регулационен План -------1:1000;
2. План на површини за градење -----------1:1000;
3. Сообраќаен и Нивелациски План ------------1:1000;
4. Инфраструктурен План ----------- 1:1000;
5. Синтензен План -----------1:1000;

**ПРИЛОЗИ**

1. Планска Програма;
2. Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје;
3. Геогетски елаборат;

**Член 4**

Утврдениот Детален урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Градоначалникот и Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, по утврдувањето на Нацрт планот, ќе организираат Јавна анкета и стручна презентација согласно член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13).

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-96/10**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 Општина Ѓорче Петров – Скопје**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 Општина Ѓорче Петров – Скопје , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Петнаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 21.01.2014 година.

**Број 08-227/9**
**Од 21.01.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 18/2013) и член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Советот на Општина Ѓорче Петров на 15-тата седница одржана на 21.01.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на Нацрт Детален урбанистички план**
**за градска четврт СЗ 04**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петров – Скопје, за плански период 2013-2018година.**

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022година донесен со Одлука на Советот на Град Скопје" бр. 07- 5068/1 од 03.12.2012год,(Службен Гласник на Град Скопје бр. 18/12 од 06.12.2012год), Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови Службен весник на Р.М. број 78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13 и 95/13).

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува **Детален урбанистички план е градската четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петро-Скопје, која е со површина од 3.40 ха**.

Границата на планскиот опфат е дефинирана по осовините на улиците:

- **север:** По осовина на собирната улица **Шарпланинска**;
- **исток:** По осовина на собирната улица "**Лука Геров** D.71-D.67"(по ГУП);
- **југ:** По осовина на собирната улица **Тиранска**;
- **запад;** По западниот крај на насипот на постојната железничка **пруга Скопје-Р.Косово**;

**Член 3**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 04 , Општина Ѓорче Петров – Скопје** кој се утврдува, е изработен од ИН-ПУМА – Скопје, Институт за урбанизам, сообраќај и екологија, со технички број 107/2013.

